Универзитет „Св. Кирил и Методиј”-Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

ЕЛАБОРАТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ДОКТОРСКИ СТУДИИ – III ЦИКЛУС ПО ЈАВНО ЗДРАВСТВО

Скопје, Јуни 2017

Содржина

I	**Вовед**.....	3
II	**Општ дел**.....	6
III	**Задолжителни компоненти на студиската програма**.....	7
1.	**Карта на високообразовната установа**	
	1а. Општи дескриптори на квалификациите.....	13
	1б. Специфични дескриптори на квалификациите.....	14
2.	Прилог бр.1 Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на единицата.....	32
3.	Прилог бр.2 Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат односно Советот на научната установа.....	34
4.	Прилог бр.3 Структура на студиската програма согласно правилникот за организирање на докторски студии на единицата, број на предвидени предмети и стекнати кредити, како и број на кредити стекнати со изработката на докторскиот труд.....	36
5.	Прилог бр.4 Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма	41
6.	Прилог бр.4а Лаборатории за изведување експериментални (практични) самостојни вежби	43
7.	Прилог бр.5 Предметни програми со информации согласно со членот 4 од овој правилник.....	48
8.	Изборни предмети.....	69
9.	Прилог бр.6 Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 5 од овој правилник	150
10.	Прилог бр.7 Изјави од наставниците за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма.....	255
11.	Прилог бр.8 Список на професори- Ментори за реакредитација и нивните научни трудови.....	273

ЕЛАБОРАТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ - III ЦИКЛУС СТУДИИ ПО ЈАВНО ЗДРАВСТВО
(ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА-РЕАКРЕДИТАЦИЈА)

ВОВЕД

Новиот концепт на структурирани докторски студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет се воведе во учебната 2010/2011 година . Реформите во додипломската настава како резултат на услогласување со новиот Закон за високо образование (Сл. Весник бр. 35/2008 и бр.103/2008), кои се засноваа и на вградувањето на препораките од Болоњската декларација, неминовно условија и потреба од промени во последипломската настава, односно во вториот и третиот циклус на студии.

На Медицинскиот факултет, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во рамките на Центарот за јавно здравство, при Медицинскиот факултет, се спроведува Програма за магистерски студии од областа на јавно здравство (II циклус научни студии) и Програма за докторскиСтудии-III циклус од областа на јавното здравство. Овие академски студии се мултидисциплинарни и отворени кон различни студиски програми (регулирани професии, сродни програми, со академски и научно-истражувачки интерес за јавното здравство) на факултетите во рамки на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”. Организирањето на докторски студии од областа на јавно здравство се во согласност со Европскиот кредит трансфер систем, што претставува континуум на активности во академската едукација во областа на јавното здравство, на нашиот Универзитет.

Студиската програма за докторските студии од областа на јавно здравствените науки им овозможи на студентите, кои го завршиле вториот циклус од високото образование на Медицинскиот и останатите соодветни факултети, студентите кои освоиле 360 кредити да продолжат понатаму на третиот циклус студирање, да ги усовршат компетенциите на самостоен истражувач и по освоени 180 кредити, да се стекнат со звањето доктор на науки по јавно здравство.

Докторските студии од областа на Јавно здравство се конципирани така што во текот на тригодишната едукација му овозможуваат на студентот паралелно да се

занимава со истражувачка активност и да посетува активна настава од општите, а потоа од специјалните методолошки предмети. Во вториот семестар врши научна активност која ја потврдува со јавно презентирање на своите резултати. Во тек на III, IV, V и VI семестар ја изработува докторската дисертација и по остварувањето на потребните услови пристапува кон одбрана на тезата.

Поради разновидноста на активностите во тек на студирањето, начините на проверка на знаењето и вештините се континуирани и разновидни, пофлексибилни и поспецифични во однос на системот во додипломската настава. Системот на бодување е константен, со што на студентот му се овозможува увид во резултатите. Со исполнување на предиспитните обврски и со полоагање на испитот студентот може да оствари најмногу 100 поени (нумеричка оценка 10). Во тек на предиспитните обврски се врши континуирана проверка на знаењето. Се оценува присуството и активноста на теоретската и практичната настава, како и резултатите од вежбите, семинарите, тестовите и колоквиумите. Конечна оценка се утврдува на испит. Поените остварени во тек на сите овие активности ја формираат конечната оцена.

Бодовниот систем, односно вреднувањето на докторските студии со кредити им овозможува на студентите на третиот циклус да направат трансфер и се запишат и слушаат предмети и на други школи за докторски студии надвор од Школата за докторски студии при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и надвор од земјата, со признавање на кредити за ислушани и положени предмети.

Докторските студии по јавно здравство се отворени како кон студентите со завршен втор циклус од високото образование на Медицинскиот факултет, Стоматолошкиот и сродните факултети (Ветеринарен, Фармацевтски), така и кон студентите со завршен втор циклус на академски студии од високото образование на факултетите од општествени, технички, природни и биотехничи науки, кои може да имаат академски и научно-истражувачки интерес за различните сегменти од областа на јавното здравје. Со тоа, докторските студии по јавно здравство се мултидисциплинарни, целосно отворени и директно му служат на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“, согласно принципите на интегриран универзитет. Центарот за јавно здравство, при Медицинскиот факултет, кој ја реализира оваа програма, е полноправна членка во Асоцијацијата на Школите за јавно здравје на Европскиот регион (ASPHER- Association

of Schools of Public Health in the European region), со што се обезбедува меѓународна соработка со академски институции од областа на јавно здравје од Европа и пошироко, а со тоа и академската размена - мобилноста на студенти и наставен кадар, што претставува еден од темелите на овие студии.

За време на изработката на курикулумот беа земени предвид искуствата на Школите за јавно здравје на Европскиот регион (ASPHER- Association of Schools of Public Health in the European region), со цел да се направи современа образовна програма која ќе овозможи лесно признавање на дипломата и поширока мобилност на професорите/студентите во рамките на европското образовно подрачје.

Во 2011г. за првапт се акредитираше тригодишната(шест семестри) студиска програма за третиот циклус докторски студии по Јавно здравство на Медицинскиот факултет на УКИМ во Скопје со решение бр. 12-75/8 од 21.02. 2011 година

Во 2012 година, согласно Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми на Одборот за акредитација, истата беше дополнета со дескриптори на квалификациите и акредитирана од Одборот за акредитација на Р.М со решение бр. 12-163/5 од 23.05.2012 година.

Во 2014г. се реакредитираше тригодишната(шест семестри) студиска програма за третиот циклус докторски студии по Јавно здравство на Медицинскиот факултет на УКИМ во Скопје со решение бр. 12-112/7 од 23.09. 2014 година

Програмата за докторски студии од областа на јавно здравство се стреми да им обезбеди на студентите компетенции кои им овозможуваат да се развијат во квалитетни истражувачи, односно научни работници кои се способни да спроведуваат индивидуални истражувања.

Истражувањата се есенцијални не само за студентите на овие докторски студии туку и за презентирање на капацитетите на Центарот за јавно здравство, при Медицинскиот факултет, за развојна знаење и разбирање а со тоа и поддршка на јавно здравствената пракса. Истражувањата во различни форми се дизајнираат за да се зголеми разбирањето за различни феномени и нивното влијание врз здравјето на населението, како и да се разјаснат посакуваноста и остварливоста на различни мерки, програми и интервенции во јавното здравство, насочени кон подобрување на здравјето. Јавното здравство како дел од медицинската наука денеска зазема посебно и се

позначајно место помеѓу сите науки(општествени и природни).

Приложениот проект за реакредитација на докторските студии по Јавно здравство е во согласност со Законот за високото образование и со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник на УКИМ, бр. 245/13).

ОПШТ ДЕЛ

1. Назив на предлагачот на студиската програма

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Медицински факултет – Скопје

2. Назив на студиската програма

Докторски студии по Јавно здравство

3. Траење на студиите

Должината или времетраењето на докторските студии по ***Јавно здравство*** е 3 (три) години или 6 (шест) семестри.

За студентите со завршени постдипломски студии кои се здобиле со звањето магистер, должината на докторските студии по ***Јавно здравство*** е 2 (две) години или 4 (четири) семестри.

4. Совет на третиот циклус студии - докторски студии

Третиот циклус-докторски студии по медицина ги координира Совет на студиска програма за трет циклус-докторски студии составен од лица избрани во наставно-научни и научни звања на Универзитетот, од четирите катедри носители на наставата за докторските студии од областа на јавно здравство, тоа се наставниците од превентивните катедри (Центар за јавно здравство) при Медицинскиот факлултет: Катедра по епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Катедра по

социјална медицина, Катедра по хигиена и Катедра по медицина на трудот.

Изборот на членовите на Советот на студиската програма се врши на предлог на Деканатската управа, на начин кој обезбедува претставници од секоја превентивна катедра при Медицинскиот факултет, а се утврдува од страна на Наставно-научниот совет заедно со Студиската програма.

Советот на студиската програма се конституира по нејзината акредитација. Надлежноста, како и начинот и постапката на одлучување на Советот на студиската програма е утврдена со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

ЗАДОЛЖИТЕЛНИ КОМПОНЕНТИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ОД ТРЕТИОТ ЦИКЛУС НА СТУДИИТЕ ПО ЈАВНО ЗДРАВСТВО

1. Карта на Медицински Факултет
Карта на високообразовната установа

Назив на високообразовната установа	Република Македонија, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Медицински факултет-Скопје
Седиште	50 Дивизија бр.6, 1000 Скопје
веб страница	www.medf.ukim.edu.mк
Вид на високообразовната установа	Јавна високообразовна установа
Податоци за основачот	Собрание на Република Македонија
Податоци за последната акредитација	1. Интегрирани студии по општа медицина, решение за акредитација бр. 12-163/4 од 23.05.2012 2. Стручни студии за дипломирана медицинска сестра/техничар, решение за акредитација бр. 12-163/7 од 23.05.2012 3. Стручни студии за дипломиран радиолошки технолог решение за акредитација бр. 12-163/6 од 23.05.2012 4. Стручни студии за дипломиран логопед со решение за акредатицијa бр. 12-163/2 од 23.05.2012

	5. Стручни студии за дипломиран физиотерапевт со решение за акредитација бр. 12-163/3 од 23.05.2012 6. Стручни специјалистички студии по клиничка логопедија (II циклус), решение за акредитација бр. 12-46/2 од 13.05.2013 7. Магистерски студии по јавно здравство (II циклус), решение за акредитација бр. 12-163/8 од 23.05.2012 8. Докторски студии по медицина (III циклус): a) Клиничка медицина, решение за акредитација бр. 12-163/10 од 23.05.2012, реакредитација бр. 12-112/4 од 23.09.2014 b) Молекуларна медицина, решение за акредитација бр. 12-163/11 од 23.05.2012, реакредитација бр. 12-112/6 од 23.09.2014 c) Базична медицина, решение за акредитација бр. 12-163/9 од 23.05.2012, реакредитација бр. 12-112/5 од 23.09.2014 9. Докторски студии по јавно здравство(III циклус), решение за акредитација бр. 12-163/5 од 23.05.2012,реакредитација бр 12-112/7 од 23.09.2014 10. Решение од МОН за почеток со работа на студиската програма III циклус –медицина бр. 13-15302/4 од 01.10.2014 11. Решение од МОН за почеток со работа на студиската програма III циклус –јавно здравство бр. 13-15312/4 од 01.10.2014
Студиски и научноистражувачки подрачја за кои е добиена акредитација	Медицински науки и Јавно здравство
Единици во состав на високообразовната установа	4 катедри Катедра по епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Катедра по социјална медицина, Катедра по хигиена и Катедра по медицина на трудот

	Универзитет “Св. Кирил и Методиј”-Скопје, Медицински факултет-Скопје
Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нова/и, студиска/и програма/и	1. Интегрирани студии по општа медицина (интегриран I и II циклус) 2. Додипломски стручни студии за дипломирана медицинска сестра/техничар (I циклус) 3. Додипломски стручни студии за дипломиран радиолошки технолог (I циклус) 4. Додипломски стручни студии за дипломиран логопед (I циклус) 5. Додипломски стручни студии за дипломиран физиотерапевт (I циклус) 6. Магистерски студии по јавно здравство (II циклус) 7. Стручни специјалистички студии по клиничка логопедија (II циклус) 8. Докторски студии по медицина (III циклус) 9. Докторски студии по јавно здравство (III циклус)
Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите	Медицинскиот факултет интензивно работи на поттикнување на меѓународната соработка низ повеќе активности, прво преку склучување на договори за меѓусебна соработка во рамките на веќе потпишаните договори на Универзитетот, како и преку сопствени договори со други медицински факултети од странство. Мобилноста на наставниците и студентите се остварува со Еразмус интеринституционални договори, во рамките на проектот ERASMUS PLUS со кој што од 2014 кога започна оваа проектна активност престојуваа 16 студенти и 5 наставници. Во изминатиов период од 2011 до 2017 година најголем број мобилности се реализираа преку ERAWEB проектот, којшто претставуваше прв проект на мобилност од областа на биомедицинските науки и здравството. Преку првиот дел од овој проект до сега престојуваа на еминентни европски универзитети (Ротердам, Минхен, Торино, Рим, Виена) од Медицинскиот факултет 28 додипломски

	студенти, добиени се стипендии за 8 магистерски и 2 за докторски студии, а мобилност остварија и 3 наставници. Вториот дел од ERAWEB проектот е во завршна фаза на сумирање на резултатите. Комуникацијата со почесните и избраните визитинг професори е перманентна и преку неа се остваруваат редовни посети во кои избраните професори учествуваат во додипломската и постдипломската настава. На медицинскиот факултет преку различни проекти (Erasmus, Fulbright, Link Across) престојуваат странски експерти, кои на различни начини (предавања, учество во апликативна здравствена дејност, научно истражувачки проекти, овозможување на едукација во странство) се вклучуваат во факултетските активности. Исто така, голема меѓународна Комуникацијата со 15те почесни и 14те избрани визитинг професори е перманентна и преку неа се остваруваат редовни посети во кои избраните професори учествуваат во додипломската и постдипломската настава. На медицинскиот факултет преку различни проекти (Erasmus, Fulbright) престојуваат странски експерти, кои на различни начини (предавања, учество во апликативна здравствена дејност, научно истражувачки проекти, овозможување на едукација во странство) се вклучуваат во факултетските активности. Исто така, голема меѓународна активност покажуваат студентските организации преку организација на конгреси, летни школи, твининг проекти и различни видови на студентска и научноистражувачка размена.
	За реализација на теоретската и практичната настава за сите студиски програми како и за научноистражувачката дејност, Медицинскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”-

Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност	Скопје, го користи целокупниот современо опремен простор на 12 Институти при Медицинскиот факултет, 24 Јавно здравствени установи-Универзитетски Клиники во Скопје и 11 наставни бази (ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Р.М.; ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата "Козле" Скопје; ЈЗУ Универзитетска Клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски"Скопје (Градска хируршка болница); ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација "Пресвета богородица" Скопје; Градска општа болница "8-ми Септември"-Скопје; ЈЗУ Републички завод за трансфузиологија-Скопје; ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство "Чаир" Скопје; ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ; ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"Скопје; Градски завод за здравствена заштита-Скопје; ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас. - Вкупната површина на установата-193.279 $м^2$ - 9 амфитеатри со 1000 седишта - 8 предавални со 500 седишта - 1 компјутереска училница со 30 работни места - 49 лаборатории со 380 седишта - 82 кабинети за наставно-научниот кадар - 1 библиотека со 110 седишта - 24 универзитетски клиники и болнички одделенија за практични вежби -11 јавно-здравствените установи-наставни бази
Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност	**Прилог 4 и 4а**
Број на студенти за кои е добиена акредитација	трет циклус докторски студии по јавно здравство 27 студенти
Број на студенти (прв пат запишани во 2016/17 г.)	На интегрирани студии по општа медицина 394 студенти На сите 4 студиски програми од прв циклус 382 студенти На магистерски студии по јавно здравство 15 студенти На докторски студии по медицина 58

	студенти (од кои 2 за базична и 56 за клиничка медицина). докторски студии по јавно здравство 4 студенти
Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања	117 редовни професори, 52 вонредни професори, 52 доценти, 7 научни советници, 9 виши научни соработници, 45 научни соработаници, 10 насловни вонредни професори, 11 насловни доценти
Број на лица во соработнички звања	69- асистенти, асистенти докторанти - 162, 24 помлади асистенти
Однос наставник: студенти (број на студенти на 1 наставник) за секоја единица одделно	7.2 студенти на 1 наставник (за сите студиски програми и потпрограми заедно)
Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите	Докторските студии се координираат од Советот на студиската програма Јавно здравство Советот на студиската програма Јавно здравство ги обавува задачите предвидени во член 9 на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и струдирање на трет циклус-докторски студии на УКИМ во Скопје. Советот на студиската програма Јавно здравство се бира по пат на делегатски систем од четирите катедри носители на наставата за докторските студии од областа на јавно здравство, тоа се наставниците од превентивните катедри (Центар за јавно здравство) при Медицинскиот факлултет: Катедра по епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Катедра по социјална медицина, Катедра по хигиена и Катедра по медицина на трудот. Квалитетот на програмата се мониторира преку: 1. Самоевалуација од страна на Комисии за евалуација составена од универзитетски наставници и студенти 2. По завршување на наставната програма по секој предмет се спроведува анонимна студентска евалуација (анкета) за наставните

	програми и наставниците. 3. Надворешна евалуација
Фреквенција на самоевалуациониот процес (секоја година, на две години, на три години)	На три години
Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата	Во рамките на процесот за втора надворешна последователна евалуација на дејноста и работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје во периодот 2006/07-2009/10 година, од 11 до 14 април 2011 година, по покана на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, проф. д-р Велимир Стојковски, на Универзитетот престојуваше експертски тим определен од Европската асоцијација на универзитетите (ЕУА), во состав: проф. Хенрик-Тофт Јансен, Универзитет Роскилд, Данска, проф. Ричард Луис, Отворен универзитет, Велика Британија, Алина Гавра, Романија и Тереза Цанг, од Канцеларијата за обезбедување квалитет при Секретаријатот на ЕУА во Брисел. Во текот на тридневниот престој на експертскиот тим на нашиот Универзитет, според програмата за надворешна последователна евалуација воспоставена од Европската асоцијација на универзитетите, беа одржани бројни состаноци: со раководството на УКИМ - ректорот, проректорите и генералниот секретар, со неколку декани, со членови на Универзитетскиот сенат, со членовите на Комисијата за евалуација на УКИМ, Стручниот совет за докторски студии, со Еразмус-координатори на неколку факултети, со надворешни партнери на Универзитетот, со раководителите на Одделенијата на Централната служба на Универзитетот. Експертскиот тим оствари посета на Правниот факултет „Јустинијан Први”, каде што во рамките на институционалниот развој му беше претставен новоформираниот Центар на правните факултети на Југоисточна Европа. Исто така, тимот го посети Студентскиот парламент на УКИМ, каде што се водени разговори со студенти и со студентскиот правобранител на

	нашиот Универзитет. Главна цел на состаноците и разговорите беше влијанието на ЕУА-извештајот за надворешна евалуација од 2008 и сегашните и идните клучни точки во институционалниот развој, особено во поглед на капацитетот за промени. Врз основа на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот за периодот 2006/07-2009/10, изработен од Комисијата за евалуација на УКИМ, кој претходно беше доставен до Европската асоцијација на универзитетите и средбите одржани за време на престојот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, експертскиот тим ќе го изготви Извештајот за надворешна евалуација, со посебен акцент на трите главни точки кои беа предмет на оваа евалуација - имплементирање на интеграцијата, имплементирање на ЕКТС и првите искуства на програмите за мобилност на студентите и академскиот кадар. Според воспоставената процедура на ЕУА за надворешна евалуација, на 14 април е одржана форум-дискусија на која беше презентиран прелиминарниот извештај на експертскиот тим. Во рамките на усната презентација, претседавачот проф. Хенрик-Тофт Јансен ги изнесе следниве главни оцени: • експертскиот тим го поздравува избраниот модел на интеграција, како и мотивираноста на менаџментот во спроведувањето на реформите неопходни за обезбедување на функционална интеграција; • експертскиот тим истакнува дека со промените од првичната надворешна евалуација во 2003 и првата последователна евалуација во 2008, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" денес претставува вистински европски универзитет во многу аспекти од своето дејствување, со особен акцент на прашањето на елиминирање на корупцијата; • експертскиот тим ја поздравува

	позитивната оценка на студентите за преземените активности на Универзитетот, како и лојалноста на студентите кон Универзитетот. Експертскиот тим изнесе препораки за натамошното дејствување на УКИМ: • што побрзо практично заживување на докторските студии на Универзитетот; • продолжување на процесот на усогласување на студиските програми со Националната рамка на квалификации и дефинирање на соодветните компетенции; • со оглед на фактот дека досега се максимално искористени мобилностите овозможени од програмите BASILEUS и JoinEU-SEE, а со цел да се зголеми бројот на мобилности на студентите се препорачува обезбедување стипендии за мобилности и од страна на Владата на Република Македонија и од стопанството.

1а. Општ дескриптор на квалификации

Тип на дескриптори	Општи дескриптори на квалификациите со кои се одредуваат резултатите од учењето за студската програма од докторските студии од трет циклус по јавно здравство
Знаења и разбирање	Покажува систематско разбирање на полето на истражување на јавното здравство и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на јавното здравство согласно највисоките меѓународни стандарди
Примена на знаењето и разбирањето	Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување во јавното здравство, со научен интегритет. Има направено придонес преку оригинални истражувања кои ги поместуваат напред постојните граници на знаење во јавното здравство, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и интернационални

	рецензирани публикации.
Способност за проценка	Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, имајќи компетенции за проценка. Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи во областа на јавното здравство и настани со научен интегритет. Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти на полето на јавното здравство, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле.
Комуникациски вештини	Може да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на јавно здравствените области.
Вештини на учење	Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, социјалниот или културниот развој во општество базирано на знаење.

1б. СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

ТРЕТТ ЦИКЛУС СТУДИИ

НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Докторски студии – трет циклус на студии

Времетраење – 3 години (6 семестри), 180 ЕКТС – кредити

Подрачје: Јавно здравство

Студиската програма за студентите/докторандите опфаќа временски период од 3 години (6 семестри) и содржи три предмети за стекнување генерички знаења (12 ЕКТС), три специјални методолошки предмети од полето на истражувањето (21 ЕКТС) и еден до три предмети од областа на истражувањето (9 ЕКТС). Програмата во себе вклучува и годишни и полугодишни конференции со извештаи, презентации, работилници. Секој

семестар носи 30 ЕКТС, односно студентот се здобива со 180 ЕКТС по завршувањето на докторските студии и одбраната на докторската теза.

Научната титула по завршувањето на студиите и одбраната на докторската дисертација, е ***доктор по јавно здравство.***

Нивото на високообразовните квалификации во националната рамка кое го достигнува студентот по завршувањето на третиот циклус студии – докторски студии, е VIII.

Тип на дескриптори	Специфични дескриптори на квалификациите со кои се одредуваат резултатите од учењето од докторските студии од трет циклус по јавно здравство
Знаење и разбирање	1.Студентите по завршување на студиите од третиот циклус треба да покажат високо ниво на систематизирано знаење и разбирање во областа на научното истражување во јавното здравство генерално, но и од потесната област на истражувањето. 2.Исто така, треба да бидат квалификувани и да имаат совладано вештини на истражување во полето на истражување и потесната област, во доменот на специфичните дисциплини (биостатистика, еколошки детерминанти на здравјето, епидемиологија, здравствен менаџмент, и социјални и бехејвиорални науки) како и во интердисциплинарните- cross-cutting домените (комуникации и информатика, диверзитет и култура, лидерство, професионализам и етика, програмско планирање и системско мислење), со кои ќе бидат оспособени за независно и автономно истражување во согласност со принципите на наука базирана на докази, како и добра пракса и раководење. 3.Студентите треба да обезбедат пошироко знаење на научните теории, методологии и алатки кои ја сочинуваат основата за истражување во јавното здравство и здравствените науки, а исто така треба да се развијат способностите кај студентот за индивидуално

	разбирање и справување со зададените проблеми и теми; 4.Студентите треба да бидат подготвени индивидуално за истражувања и едукација во јавното здравство во академски, приватни и јавни истражувачки и консултациски организации; 5.Студентите треба да развијат експертски вештини при дизајнирање на истражувањата, методите и дисеминацијата, основно познавање на науката за јавно здравство и експертиза во една специјализирана област.
Примена на знаењето и разбирањето	1.Со помош на стекнатото знаење и совладаните вештини да може да примени оригинално истражување во соодветната потесна област, кое ќе овозможи стекнување на нови знаења кои безусловно ќе треба да бидат вреднувани не само во национални, туку и интернационални публикации од страна на независни стручњаци во научното поле. 2.Демонстрира способност за критичко, независно и креативно решавање на приоритетни јавно здравствени проблеми: ризици, стратегии, политики, со индивидуална оригиналност и научен пристап во нови или непознати ситуации и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со јавното здравство. 3.Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет.
Способност за проценка	1.Да покажува способност за критичка анализа на презентирани научни откритија од други автори. 2.Навремено да препознае област во науката каде се потребни дополнителни истражувања и да процени дека со своите оригинални истражувања може да даде значителен придонес во тој правец. 3.Да покаже способност за иницирање на истражувачки проекти за нови откритија кои ќе генерираат нови знаења и вештини во полето на јавното

	здравство и својата потесна област. 4.Поседува способност да спроведе процена на потребите за одредена целна група или за некоја специфична услуга од областа на јавното здравство со научно-истражувачка цел .
Комуникациски вештини	1 Поседува способност за дискусија околу своето и истражувањата на други истражувачи на национално ниво, со своите ментори, но и со истражувачи надвор од земјата. 2.Учествува во национални и интернационални истражувачки мрежи и настани, независно и со научен интегритет. 3.Резултатите од своите откритија умее вешто и систематизирано да ги презентира пред пошироката академска заедница во земјата и во странство. 4.Поседува способности за водење на истражувачки тим. 5.Поседува способност за комуникација со колегите од матичната и нематичните установи, како и со општата јавност. 6.Поседува способност за ефективна комуникација, односно умее да ја даде потребната информација на лицата кои ја бараат информацијата со цел да направат правилен избор; умее информацијата да ја даде во достпен формат, вклучително и преку интернет; обезбедува сигурност дека, кога е можно, луѓето разбрале што е предложено. 7.Поседува способност да воспостави и одржи доверба со луѓето преку активно слушање и почитување на нивните ставови, почитување на приватноста и дигнитетот на индивидуите и третирање на информациите за луѓето како доверливи.
	1.Покажува интерес за континуирана едукација и професионален развој на личен план во научното истражување во својата област. 2.Покажува способност да организира новитети и напредни активности во процесот на учењето, но и критички да ги анализира методите на учење во

Вештини на учење		однос на нивниот ефект врз знаењето, вештините и праксата. 3.Поседува способност и за документирање на активностите за учење. 4.Се промовира себеси во академски и професионални рамки во технолошкиот развој на општеството. 5.Покажува континуирано почитување на професионалните етички кодекси на однесување, вклучително и финансиската чесност и професионална доверливост.
2	Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на единицата	На ?.?.2017 год. од страна на Наставно-научниот совет на УКИМ Медицинскиот факултет - Скопје, е донесена одлука за усвојување на студиска програма по Јавно здравство докторски студии - III циклус Одлуката е дадена во **Прилог бр. 1**
3	Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитеткиот сенат односно Советот на научната установа	На ? ? 2017 год. од страна на Универзитетсиот сенат на УКИМ, е донесена одлука за усвојување на студиска програма по Јавно здравство докторски студии - III циклус Одлуката е дадена во **Прилог бр. 2**
4	Научно истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма	3. **Медицински науки и здравство** 308 Јавно здравство и здравствена заштита 30800 Епидемиологија 30803 Здравствена статистика и информатика 30804 Организација на здравствена служба 30807 Медицина на трудот 30707 друго (Сл.весник на РМ бр.103/2010)
5	Степен на образование (трет циклус)	Трет циклус студии (180 кредити) VIII ниво на образование според Национална рамка на високообразовни квалификации
6	Цел и оправданост за воведување на студиската програма	Основна цел на студиската програма е : 1.да се обезбеди широко знаење на научните теории, методологии и алатки кои ја сочинуваат основата за истражување во јавното здравство и здравствените науки, како и да се развијат способностите кај студентот за индивидуално разбирање и справување со зададените

		проблеми и теми; 2. да ги подготви студентите индивидуално за истражувања и едукација во јавното здравство во академски, приватни и јавни истражувачки и консултациски организации; 3. да им обезбеди на студентите експертски вештини при дизајнирање на истражувањата, методите и дисеминацијата, основно познавање на науката за јавно здравство и експертиза во една специјализирана област. Програмата за докторски студии од областа на јавно здравство се стреми да им обезбеди на студентите компетенции кои ќе им овозможат да се развијат во квалитетни истражувачи, односно научни работници кои се способни да спроведуваат индивидуални истражувања. Истражувањата се есенцијални не само за студентите на овие докторски студии туку и за презентирање на капацитетите на Центарот за јавно здравство, при Медицинскиот факултет, за развој на знаење и разбирање а со тоа и поддршка на јавно здравствената пракса. Истражувањата во различни форми треба така да се дизајнираат за да се зголеми разбирањето за различни феномени и нивното влијание врз здравјето на населението, како и да се разјаснат посакуваноста и остварливоста на различни мерки, програми и интервенции во јавното здравство, насочени кон подобрување на здравјето
7	Години и семестри на траење на студиската програма	Студиската програма на трет циклус студии по јавно здравство е во траење од 3 години, 6 семестри
8	ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот	Студентите со завршувањето на овие студии се стекнуваат со 180 кредити
9	Начин на финансирање	Финансирањето на студиите ќе се одвива согласно законските прописи за студирање на државен универзитет, статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, и Правилникот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти со самофинансирање.
10		На докторски студии од областа на јавно здравство право на запишување имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми и кои ги исполнуваат основните критериуми: ➢ Доктори по медицина по завршување на Мед.Факултет који имаат интегриран циклус на студии по општа медицина

	Услови за запишување	➢ стоматологија со комплетиран втор циклус на студии (освоени 360 кредити) ➢ Доктори по медицина или стоматологија, магистри на науки и магистри на науки од областа на јавно здравство, како и останати кандидати од области од интерес за јавното здравство со стекнато звање магистри на науки од областа на јавно здравство (на кандидатите од овој став се признаваат 60 кредити); ➢ Останати кандидати од области од интерес за јавното здравје со комплетиран втор циклус на студии со стекнати 300 до 360 кредити на соодветни студии или со звање "магистер на науки" и со дополнителни услови кои се дефинирани со актите на Медицинскиот факултет и Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"; ➢ Лица со завршен Медицински факултет по старата програма, кои немаат завршен втор циклус (последипломски студии), а кои се специјалисти, или имаат претходно искуство во научно-истражувачка работа (печатени најмалку 2 труда in extenso и објавени во меѓународни часописи каде се прв автор). ➢ Остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8,00; ➢ познавање на еден од светските јазици. Доказ за познавање на светски јазик е сертификат од Филолошкиот факултет "Блаже Конески" или меѓународен сертификат или диплома за претходно стекнато образование - додипломски студии (прв циклус) и постдиипломски студии (втор циклус), на еден од светските јазици. ➢ За кандидатите кои не ги исполнуваат условите во однос напросечниот успех од претходно завршено високо образование, советот на студиската програма ќе утврди дополнителни критериуми за запишување кои ќе бидат наведни во конкурсните услови (интервју, препораки, претходно публикувани трудови во национални и часописи со меѓународен уредувачки одбор, учество во проекти итн.) ➢ За кандидатите кои запишале последипломски магистерски студии, ги положиле испитите предвидени со соодветната програма, но не го одбраниле магистерскиот труд, советот на студиската програма ќе процени колку кредити ќе се признаат, во зависност од соодветноста на ислушаните и положените предмети со предметите на докторските студии.
11	Структура на студиската програма	Докторските студии по Јавно здравство траат 3 години, а тоа изнесува 180 ЕКТС-кредити. **Во првиот и вториот семестар:**

	согласно правилникот за организирање на докторски студии на единицата, број на предвидени предмети и стекнати кредити, како и број на кредити стекнати со изработката на докторскиот труд	• Општи методолошки предмети- 3 x 4 кредити • Специјални методолошки предмети - 3 x 7 кредити • изборни предмети - 9 кредити • докторски семинари и годишни конференции со презентација,истражување и објавување на резултати - 4 кредити • Истражување за подготовка на тема за докторска дисертација - 14 кредити **Во третиот и четвртиот семестар:** • Подготвување, поднесување на тема за докторска дисертација, истражување и објавување резултати - 53 кредити • Семинар, годишна конференција - 2+2 кредити • Работилница од истражувачката практика - 3 кредити **Во петиот и шестиот семестар:** • Истражување и објавување резултати, пишување на тезата - 53 кредити • Семинар, годишна конференција - 2+2 кредити • Работилница од истражувачката практика - 3 кредити **прилог бр.3**
12	Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма	За реализација на теоретската и практичната настава за сите студиски програми како и за научноистражувачката дејност, Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, го користи целокупниот современо опремен простор на 12 Институти при Медицинскиот факултет, 24 Јавно здравствени установи-Универзитетски Клиники во Скопје и 11 наставни бази (ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Р.М.; ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата "Козле" Скопје; ЈЗУ Универзитетска Клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски"Скопје (Градска хируршка болница); ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација "Пресвета богородица" Скопје; Градска општа болница "8-ми Септември"-Скопје; ЈЗУ Републички завод за трансфузиологија-Скопје; ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство "Чаир" Скопје; ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ; ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"Скопје; Градски завод за здравствена заштита-Скопје); Завод за рехабилитација на слух, говор и глас. - Вкупната површина на установата-193.279 $м^2$ - 9 амфитеатри со 1000 седишта - 8 предавални со 500 седишта - 1 компјутереска училница со 30 работни места - 49 лаборатории со 380 седишта - 82 кабинети за наставно-научниот кадар - 1 библиотека со 110 седишта - 24 универзитетски.клиники и болнички одделенија за практични вежби -11 јавно-здравствените установи-наставни бази

13	Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма	**Прилог бр. 4**
14	Предметни програми со информации согласно со членот 4 од овој правилник	Предметните програми се согласно Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми(Службен весник бр25/11) се дадени во **Прилог бр. 5,** во прилогот се дадени задолжителните предмети, и изборните предмети
15	Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 5	14 редовни професори 2 вонредни професори 1 доцент 1 виш научен соработник 4 научни соработници 2 асистенти **Прилог бр. 6**
16	Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма	Сите наставници коишто се вклучени во реализација на оваа студиска програма имаат потпишана Согласност и се вклучени во реализација на студиската програма по Јавно здравство **Прилог бр.7**
17	Согласност од високо образовната установа за учество на наставникот во реализа цијата на студиската програма	Во реализација на Студиската прорама, не е предвидено учество на професори од други институции
18	Информација за бројот на ментори	Вкупниот број на ментори изнесува 16 ментори акредитирани **Прилог бр.8 податоци за реакредитација за ментори**
19	Информација за бројот на студенти за запишување во прва година на студиската	Јавен конкурс објавен од Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”-Скопје 10 студенти

	програма	
20	Информација за бројот на наставници во полето односно областа од научноистражувачкото подрачје неопходни за организирање на докторски студии	На третиот циклус студии по Јавно здравство се ангажирани 16 наставници(предмети од едукација, генерички предмети и изборни предмети) Од вкупно 15 ментори, во наставата се вклучени 15 ментори
21	Информација за обезбедена задолжителна и доплонителна литература	Задолжителната и дополнителна литература која што е наведена во формуларот за предметните програми е обезбедена со Проектот за превод на учебници на Владата на Р. Македонија, како и од страна на предметните наставници, и истата им е достапна на студентите во Библиотеката и книжарата на Медицисркиот факултет, како и електронски доставена литература од страна на предметните наставници до студентите на третиот циклус студии.
22	Информација за веб страница	Сите информации се достапни во електронска форма на веб страната на медицинскиот факултет www.medf.ukim.edu.мк
23	Информација за реализација на научно-истражувачки проекти со кои се опфатени најмалку 20% од наставниот кадар	*Научни проекти - клинички студии на Институтот за фармакологија и токсикологија во соработка со странски партнери:* 1. "Comparative, single-dose, 2-way cross-over bioavailability study of two amlodipine / atorvastatin 5mg / 10mg tablet combinations in healthy volunteers under fasting conditions" (sponsor study code: 12-381; cro study code: lta-3801-12). 2. "Comparative, randomised, single-dose, 2-way crossover bioavailability study of atorvastatin 80 mg formulations in healthy adult male volunteers under fasting conditions" (sponsor study code: 13-386 ; cro study code: ota-520-13). 3. "Comparative, single-dose, 2-way cross-over bioavailability study of bisoprolol 10mg film-coated tablet formulations in healthy male volunteers under fasting conditions" (sponsor study code: 13-387 ; cro study code: sib-596-13). 4. "Comparative, single-dose, 2-way cross-over bioavailability study of bisoprolol 10mg film-coated tablet formulations in healthy male volunteers under fasting conditions" (sponsor study code: 13-392 ; cro study code: sib-1261-13). 5. "Comparative, single-dose, 3-way cross-over bioavailability study of three dabigatran etexilate 150 mg formulations in healthy volunteers under fasting conditions" (sponsor study code: 13-390 ; cro study code: bad-3900-13). 6. "Comparative, randomised, single-dose, 2-way cross-over bioavailability study of two etoricoxib 120 mg film-coated tablet formulations in healthy adult volunteers under fasting

		conditions" (sponsor study code: 13-389; cro study code: ote-2520-13). 7. "Comparative, randomised, single-dose, 4-way crossover bioavailability study of four metoprolol succinate 190 mg formulations in healthy adult male volunteers under fasting conditions" (sponsor study code: 12-382 ; cro study code: tem-234-13). 8. "Comparative, randomised, single-dose, 4-way crossover bioavailability study of four metoprolol succinate 190 mg formulations in healthy adult male volunteers under fed conditions" (sponsor study code: 12-383 ; cro study code: tem-235-13). 9. "Comparative, randomised, single-dose, 2-way crossover bioavailability study of two metoprolol succinate 190 mg products in healthy adult volunteers under fed conditions" (sponsor study code: 13-395 ; cro study code: tem-1410-13). 10. "Comparative, randomised, single-dose, 2-way crossover bioavailability study of two metoprolol succinate 190 mg products in healthy adult volunteers under fasting conditions" (sponsor study code: 13-396; cro study code: tem-1411-13). 11. "Comparative, single-dose, 2-way cross-over bioavailability study of two moxifloxacin 400mg film-coated tablet formulations in healthy male volunteers under fasting conditions" (sponsor study code: 13-388; cro study code: xom-990-13). 12. "Comparative, single-dose, 2-way cross-over bioavailability study of two pregabalin 300 mg capsules formulations in healthy male volunteers under fasting conditions " (sponsor study code: 13-391 ; cro study code: erp-1270-13). 13. "Comparative, single-dose, 2-way cross-over bioavailability study of two quetiapine prolonged release tablets 150 mg in healthy volunteers under fasting condition" (sponsor study code: 13-404; cro study code: euq-2530-13). 14. "Comparative, randomised, single-dose, 2-way crossover bioavailability study of two ivabradine 7.5 mg tablet formulations in healthy adult volunteers under fed conditions" (sponsor study code: 13-395 ; cro study code: tem-1410-13). 15. “ Рандомизирана, отворена, два пати вкрстена студија на биоеквивалентност на indapamid таблети со продолжено осолободување од 1.5мг. и natrilix sr (референтен лек) по еднократна администрација на доза од 1.5мг. кај здрави доброволци на гладно“ (код на студијата dni-1100-13). *Домашни проекти чиј носител е Медицинскиот факултет во соработка со МОН* • „Биотоксичност од пестициди во површински води и вкупни атмосферски преципитати”- главен истражувач: проф.д-р Снежана Ефремова Аарон, истражувачки период: 2010-

		2012.(незавршен) • Метаболички импликации на дебелеењето кај деца на возраст од 8 години во корелација со родилната тежина и гестациска старост”- главен истражувач: проф. д-р Мирјана Кочова, истражувачки период: 2010-2012.(незавршен) • ,,Биоакумулација на перфлуорирарни супстанции-последната хемиска афера на минатиот век”- главен истражувач: проф. д-р Јасна Богданска, истражувачки период: 2010-2012.(незавршен) • “Идентификација и карактеризација на интерстицијалните и матични клетки кај бубрези гломерулонефритични лезии”- главен истражувач: проф. д-р Гордана Петрушевска, истражувачки период: 2010-2012(незавршен). *Меѓународни проекти чиј носител е Медицинскиот факултет* • OSI Academic fellowship program – Higher Education Support Program, главен истражувач: проф. Д-р Фимка Тозија, 2013-2014 • COST – Enhancing the Role of Medicine in the Management of European Health Systems – Implications for Control, Innovation and User Voice, главен истражувач: проф. Д-р Фимка Тозија, 2010-2013 • COST ADAPT 2012- , главен истражувач: проф. Д-р Фимка Тозија • JAMIE Project. National Administrator. European Commission DG Sanco. главен истражувач: проф. Д-р Фимка Тозија, 2011-2013 • Decade for Action for Road Safety 2011-2020. WHO – 2011- National focal point and coordinator, главен истражувач: проф. Д-р Фимка Тозија • Global Status Report on Violence Prevention. WHO 2012/2013 – National Data Coordinator, главен истражувач: проф. Д-р Фимка Тозија • Координатор проф.др Моме Спасовски- Survey on tobacco use among medical professionals in Macedonia, 2013 • Координатор проф.др Фимка Тозја- Monitoring the policy response to the financial crisis Health, health systems and economic crisis in Europe. Impact and policy implications, WHO. European Observatory on Health Systems and Policies, 2012-2013 • Координатор проф.др Фимка Тозја- JAMIE Project - Joint Action on Monitoring Injuries in Europe, European Commission DG Sanco. 2011-2013 • J.Karadzinska Bislimovska - LEAR - национален

